ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 22.07.2014 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

Присутни : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на одделение за финансиски прашања Татјана Ѓоргиевска Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски, Раководител на одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Директор на ЈП Комуналец Томе Тодоровски, Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски, Советник Александар Ангелов и Советник Игор Додевски .

Дневен ред :
- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

ЗАКЛУЧОЦИ

Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура

По дефинирањето и подобрување на временските услови да се започне со крпење на ударните дупки низ општината . Никола Граматиков 22.7.2014

Да се направи согледување и скица за асфалтирање на дворот на Општината Крива Паланка при што да се води сметка за поставување на инсталациите Никола Граматиков, Добривој Николовски 22.7.2014

За улицата Наско Тамбурков да се утврдат висините, скица за спроведување на вода до Скрљавски Дол и да се започне со активности. Никола Граматиков 22.7.2014

Да се изготви пресметка за комуналии за МХЕЦ so Хидроосгово 22.7.2014

Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина

Да се отпочне постапката за урбанистичко решавање на просторот кај мотел Македонија за салата, да се види за пренамена на објектот во покриен базент и да се водат постапките потребни за таа намена. Добривој Николовски 22.7.2014

За предвидниот трговски центар до Соларски Мост да се направи проект за инфраструктура, да спроведат претходните постапки кои претходат на изградба на објектот, и да се проучи постапка за ЈПП кој модел да се избере. Добривој Николовски, Никола Граматиков, Игор Додевски, Биљана Тасевска 22.07.2014

Да се даде известување за постапката за повеќенаменското игралиште во с. Конопница и за Планинарскиот дом Царев Врв. Добривој Николовски 22.7.2014

Да се организира состанок со Такси Превозници, МВР и Инспекција за Петок во 9.00 часот во Големата Сала при Општина Крива Паланка Добривој Николовски 22.7.2014

Да се известува Градоначалникот за активностите во врска со ДУП Централно Градско подрачје Добривој Николовски 22.7.2014

Да се изврши распоред на канцеларии во новиот административен објект. Добривој Николовски

Да се разгледа и да се даде решение за приклучување на струја и парно на новата зграда , како и да се постави цевка за гас .Добривој Николовски 22.7.2014

Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:

Да се нарача користење на електронски пречистени текстови на законските прописи. Игор Додевски 22.07.2014

Да се изврши реално оценување на државните службеници и навремено да се достават оценувањата. Сите раководители 22.07.2014 г.

Да се изврши координација со ЛЕР за Свечената седница за 25 Август за збратимување со градот Свидник Словачка 22.7.2014

Одделение за инспекциски надзор

Да се искастрат гранките на патот кон с. Трново и да се прочисти патот . Бранко Велиновски 22.7.2014

Да се пуштат опомени за наплаѓање на такса за користење на просторот пред Деловните објекти Бранко Велиновски и Татјана Ѓеоргиевска 22.07.2014

Одделение за финансиски прашања

Да се изготви и достави Решение за Кланицата. Татјана Ѓеоргиевска 22.07.2014

Од СОУ Ѓорче Петров да се обезбеди финансискиот план за проектот предложен од Гимназијата. Татјана Ѓеоргиевска 22.07.2014

Да се предложи Софтверот за даноци да биде изготвен унифициран од страна на ЗЕЛС Татјана Ѓеоргиевска 22.07.2014

Да се обезбедат податоци од Здружението на Возачи и МВР за регистрирани возила во Крива Паланка во врска со наплата на таксата. Татјана Ѓеоргиевска 22.07.2014

Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија

Во врска со состанокот со Градоначалниците од СИПР, ИР, МЖСПП и МЕд да се спроведат активностите за подготовка на состонокот, а до Градоначалникот да се нотираат и достават проблематични прашања кои се јавуваат во текот на работењето. Добривој Николовски, Душко Арсовски, Бранко Велиновски, Никола Граматиков, Кире Велески 22.07.2014

Презентирана е агендата за Фолклорниот Фестивал Св. Јоаким Осоговски и за Седницата за 25.08.2014 година закажана за потпишување на договор за соработка меѓу Свидник Р. Словачка и Крива Паланка. Да се одржи координативен состанок со одделение за општи и правни работи во врска со седницата. 22.7.2014

ЈП КОМУНАЛЕЦ

Известување дека е пронајден изворот од кој ќе се спроведе вода до Училиштето во с. Градец , да се утврди количината на вода, да се изгради резервоар, да се види дали постоја други извори и по потреба да се види поставување на пумпа за вода.

Да се направи согледување на состојбата на училиштето кои елементи постојат, а кои ги нема . Да се започне со активности за санација на кровот Томе Тодоровски 22.7.2014

Да се продолжи со активностите за реализација на проектот Висока Зона Десен Брег 22.7.2014

Известување дека половина од Пазарската патека е завршена да се продолжи со активностите за изградбата. Томе Тодоровски 22.07.2014

ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА

Изготвил И. Додевски Крива Паланка 22.07.2014 година

Душко Арсовски	_____	Јаготка Николовска	_____
Татјана Ѓоргиевска	_____	Никола Граматиков	_____
Добривој Николовски	_____	Томе Тодоровски	_____
Бранко Велиновски	_____	Александар Ангелов	_____
Драган Величковски	_____		